**Влада на Република Северна Македонија**

Скопје, 5 ноември 2024 година
Бр. 41-9195/1

**До**
**Претседателот на Собранието**
**на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги, што го утврди на седницата, одржана на 5 ноември 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Тања Поповска, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Влада на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и<br><br>д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт и<br><br>Вјолца Ахмети Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги

Скопје, ноември 2024 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Од причина што во Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24) е направена измена во називот на ,,Министерство за транспорт и врски“ во ,,Министерство за транспорт“, а на ,,областа на труд и социјална политка“ во ,,областа на социјална политика, демографија и млади“, истата измена треба да се направи и во Законот за гробишта и погребални услуги односно да се усогласи со истиот.

Исто така во постоечкиот закон се додаваат четри нови ставови во делот на издавање на дозвола за управител на гробишта и четири нови ставови во делот на издавање на дозвола за погребални услуги, кои се однесуват на тоа дека на правното лице носител на дозвола за управување со гробишта и носител на дозвола за вршење на погребални услуги на кое е одземена поради неисполнувањето на некои пропишани услови, не може да добие дозвола за вршење на истите за кои се однесува одземената дозвола во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата“.

Воедно, во постоечкиот закон се предвидени зборовите Република Македонија кои треба да се заменат со Република Северна Македонија.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24).

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одредбите на Предлогот на закон немаат дополнителни финансиски последици врз буџетот и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за неговото спроведување и материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ
# ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 86/08, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15 и 31/16) во членот 8 во ставот (1) зборовите „прописите за просторното и урбанистичкото планирање" се заменуваат со зборовите „прописите за урбанистичко планирање" .

Член 2

Во членот 16 по ставот (2) се додаваат четири нови става (3), (4), (5) и (6) кои гласат:

„(3) Правно лице носител на дозвола за управување со гробишта која е одземена поради неисполнувањето на кој било од условите од членот 15 став (1) од овој закон не може да добие дозвола за вршење на истите работи за кои се однесува одземената дозвола во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата.

(4) Дозволата се одзема со решение на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, против кое правното лице може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за одземање на дозволата.

(5) Правното лице чија дозвола е одземена е должно да ја врати истата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, во рок од осум дена од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата.

(6) Правосилното решение за одземање на дозвола се евидентира во Регистарот за издадени и одземени дозволи од членот 15 став (6) од овој закон. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи правосилното решение за одземање на дозволата го доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија заради евидентирање на забраната од ставот (3) на овој член.".

Член 3

Во членот 21 по ставот (7) се додаваат четири нови става (8), (9), (10) и (11) кои гласат:

„(8) Физичко или правно лице носител на дозвола за вршење на погребални услуги која е одземена поради неисполнувањето на кој било од условите од ставот (1) на овој член не може да добие дозвола за вршење на истите работи за кои се однесува одземената дозвола во рок од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата.

(9) Дозволата се одзема со решение на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, против кое физичкото или правното лице може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за одземање на дозволата.

(10) Физичко или правното лице чија дозвола е одземена е должно да ја врати истата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, во рок од осум дена од денот на правосилноста на решението за одземање на дозволата.

(11) Правосилното решение за одземање на дозвола се евидентира во Регистарот за издадени и одземени дозволи од ставот (14) на овој член. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи правосилното решение за одземање на дозволата го доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија заради евидентирање на забраната од ставот (8) на овој член.".

Ставовите (8), (9), (10) и (11) стануваат ставови (12), (13), (14) и (15).

Член 4

Во членот 33 во ставот (5) зборовите „органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на трудот и социјалната политика" се заменуваат со зборовите ,,органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на социјалната политика, демографијата и младите ".

**Член 5**

**Во членот 42 во ставот (3) зборовите „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка" се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".**

**Во ставот (4) зборовите „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка" се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".**

**Член** 6

Во членот 42-а во ставот (8) зборовите ,,Министерството за транспорт и врски" се заменуваат со зборовите ,,Министерството за транспорт".

**Член 7**

Во членот 45-б во ставот (1) зборовите ,,Министерството за транспорт и врски" се заменуваат со зборовите ,,Министерството за транспорт".

Во ставот (3) зборовите „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка" се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен".

Член 8

Во членот 46 во ставот (1) зборовите ,,Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите ,,Министерството за транспорт“.

Во ставот (6) зборовите ,,Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите ,,Министерството за транспорт“.

Член 9

Низ целиот текст на Законот зборовите ,,Република Македонија“ се заменуваат со зборовите ,,Република Северна Македонија “.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

## I. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со предлог на Законот за изменување и дополнување на законот за гробишта и погребални услуги се врши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24).

Со членот 1 од Предлог законот зборовите прописите за просторно и урбанистичко планирање се заменуваат со зборовите прописите за урбанистичко планирање.

Со членот 2 и 3 од Предлог законот се додаваат нови ставови.

Со членот 4 од Предлог законот зборовите органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на трудот и социјалната политика се заменуваат со зборовите органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на социјална политика, демографија и млади.

Со членот 5 од Предлог на законот зборовите Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка се заменуваат со зборовите Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Со членот 6 од Предлог на законот зборовите Министерството за транспорт и врски се заменуваат со зборовите Министерството за транспорт.

Со членот 7 од Предлог законот зборовите Министерството за транспорт и врски се заменуваат со зборовите Министерството за транспорт и зборовите Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка се заменуваат со зборовите Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Со членот 8 од Предлог на законот зборовите Министерството за транспорт и врски се заменуваат со зборовите Министерството за транспорт.

Со членот 9 од Предлог законот низ целиот текст на законот зборовите Република Македонија се заменуваат со зборовите Република Северна Македонија.

Со членот 10 од Предлогот се предвидува одредбата за негово влегување во сила.

II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат соодветна правна целина.

III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Ќе се изврши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24), со цел истиот да биде правилно применуван.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

2. Начин на определување на гробишта

Член 8

(1) Општината, општините на градот Скопје, односно градот Скопје со урбанистички план го определува градежното земјиште наменето за гробишта, согласно прописите за просторното и урбанистичкото планирање.

(2) Изградба на нови гробишта, како и проширување на постојните гробишта ќе се предвиди со урбанистичкиот план на општината, општините на градот Скопје, односно градот Скопје, врз основа на статистички податоци за очекуваното движење на бројот на населението и стапката на смртност на населението на одредено подрачје.

(3) При изработката на урбанистичкиот план од ставот (1) на овој член, општината, општините на градот Скопје, односно градот Скопје се должни да обезбедат и планираат простор за гробишта, како и дел од гробишта за погребување на лица со посебен статус во поглед на социјалната положба, анонимни лица, лица настрадани во елементарни непогоди и други видови катастрофи, воени лица, заслужни граѓани или истакнати личности и црковни великодостојници. Во места во кои живеат припадници на разни вероисповести, во планот се определуваат посебни делови од гробиштата за секоја вероисповест или се определуваат посебни гробишта, одвоено за секоја вероисповест посебно, ако тоа го дозволува можноста за зафаќање на ново градежно земјиште, а во согласност со овој и друг закон.

(4) Две или повеќе општини можат да имаат заеднички гробишта при што спогодбено ќе ги уредат прашањата за изградба, реконструкција, управување и одржување на гробиштата и вршење на погребалните услуги.

(5) При планирање на гробиштата во населени места со над 5.000 жители, задолжително се предвидува мртовечница со уреди за ладење, односно посебно определена и уредена просторија за чување и изложување на одар на посмртните останки на умрено лице.

Член 16

(1) Ако се утврди дека управителот на гробиштата престане да исполнува некои од условите од членот 15 став (1) од овој закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи ќе го извести управителот на гробиштата, истите да ги отстрани во рок не подолг од 30 дена од денот на известувањето.

(2) Дозволата се одзема ако управителот на гробиштата:

1) престане да исполнува кој било од условите од членот 15 став (1) на овој закон, освен условот од членот 15 став (1) точка 5 на овој закон и

2) не ги отстрани недостатоците во рокот од ставот (1) на овој член.

2. Дозвола за вршење на погребални услуги

Член 21

(1) Физичко или правно лице за да добие дозвола за вршење на погребални услуги поднесува барање и треба да ги исполнува следниве услови:

1) да има живеалиште, односно седиште во Република Македонија;

2) да е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на дејност на погребални и придружни активности;

3) да не е поведена стечајна постапка или постапка за ликвидација;

4) одговорното лице или член на органот на управување на правното лице, односно физичкото лице да не е правосилно осудено за кривично дело во јавните финансии, платниот промет и стопанството или кривични дела против работните односи, додека траат последиците од пресудата или да не му е изречена прекршочна санкција забрана на вршење на дејноста во траење од една или повеќе години;

5) финансиски да е способно, односно своите сегашни и идни обврски, под нормални услови за работење да може да ги исполнува во период од 12 месеца што се докажува со документ за економска и финансиска способност издаден од Централниот регистар на Република Македонија;

6) да е осигурен во осигурително друштво и да приложи писмен доказ за способноста за надоместување на евентуална штета настаната по однос на одговорноста во вршењето на неговата дејност во согласност со закон;

7) да има најмалку три вработени лица од кои две лица за вршење на погребување и да поседува соодветна техничка опрема и

8) да не поседува дозвола за управување со гробишта.

(2) Овластеното службено лице од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи кое ја води постапката за издавање на дозвола за вршење на погребални услуги е должно доказите од ставот (1) точки 1), 2), 3), 4), 5) и 8) на овој член, како и доказот за исполнување на условот-број на вработени, да ги побара од надлежниот јавен орган во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(3) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите од ставот (2) на овој член е должно истите да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Техничката опрема за вршење на дејноста од ставот (1) точка 7 на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

(5) Дозволата од ставот (1) на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи со рок на важење од пет години со можност за нејзино продолжување на секои пет години, доколку операторот на погребални услуги ги исполнува условите пропишани со овој закон. Барањето за продолжување се поднесува шест месеца пред истекот на рокот на важење на дозволата.

(6) Доколку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола, подносителот на барањето има право да поведе управен спор пред Управниот суд.

(7) Операторот на погребални услуги мора во секое време да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, во спротивно неисполнувањето на кој било од условите на ставот

(1) од овој член претставува основ за одземање на дозволата за вршење на погребални услуги.
(8) Операторот на погребални услуги не може да ја пренесе дозволата за вршење на погребални услуги на друго физичко или правно лице.
(9) Доколку операторот на погребални услуги го отуѓи возилото за вршење на погребални услуги, или купи друго возило за вршење на погребални услуги е должен во рок од три дена да го извести органот што ја издал дозволата за вршење на погребални услуги.
(10) За издадените и одземените дозволи за вршење на погребални услуги органот на државната управа од ставот (3) на овој член води регистар кој постојано се ажурира и се објавува на неговата веб страница.
(11) Формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација, формата и содржината на образецот на дозволата за вршење на погребални услуги, начинот на издавање и одземање на дозволата, како и формата и содржината на регистарот за издадени и одземени дозволи за вршење на погребални услуги ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

Член 33

(1) Погребот се врши во согласност со желбата на починатиот, изразена за време на живот.
(2) Кога умреното лице за време на живот не изразило своја желба, за тоа одлучува лицето од членот 28 на овој закон.
(3) По желба на умреното лице, изразена за време на живот во писмена форма и заверена на нотар, може да се изврши анонимен погреб.
(4) Анонимниот погреб се врши на посебно определен простор, без означување на името на умреното лице.
(5) Доколку не постојат лица од ставот (2) на овој член, за погребот одлучува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на трудот и социјалната политика.

Член 42

(1) За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и преземените мерки од надзорот, инспекторот од членот 39 на овој закон е должен да состави записник во присуство на овластено лице, односно службено лице на инспектираниот субјект кој го потпишува записникот за утврдената состојба.
(2) Инспекторите од членот 40 на овој закон по извршениот инспекциски надзор донесуваат решение.
(3) Против решението на овластениот комунален инспектор може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.
(4) Против решението на државниот санитарен и здравствен инспектор може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Постапка за едукација

Член 42-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор овластениот комунален инспектор утврди дека е сторена неправилност од членот 45-а на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.
(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.
(3) Едукацијата ја организира и спроведува овластениот комунален инспектор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.
(4) Едукацијата може да се спроведува за повеќе утврдени исти или истородни неправилности, за еден или повеќе субјекти.
(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.
(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.
(7) Доколку овластениот комунален инспектор при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.
(8) Доколку овластениот комунален инспектор при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисија за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.
(9) Општината води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

Член 45-б

(1) Прекршочната постапка за прекршоците од членовите 44, 45 и 45в од овој закон се води пред надлежниот суд, а постапката од членот 45-а од овој закон се води пред Комисија за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од два члена и претседател. Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и се со работно искуство од најмалку две години, а претседателот е дипломиран правник со положен правосуден испит со работно искуство од најмалку четири години.
(3) Против одлуките на Комисијата од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

Член 46

(1) За прекршоците од членовите 44, 45 и 45-а од овој закон, инспекторите од членот 39 од овој закон пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред

надлежниот суд односно Комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски, ќе спроведат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.
(2) Кога инспекторите од членот 39 од овој закон ќе констатираат прекршок од ставот (1) на овој член составуваат записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува овластеното службено лице и сторителот. Доколку сторителот го признае прекршокот службеното лице ќе му издаде прекршочен платен налог заради наплата на глобата за прекршокот.
(3) Со потписот на прекршочниот платен налог се смета дека сторителот на прекршокот се согласува да ја плати изречената глоба.
(4) Сторителот на прекршокот од ставот (1) од овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметка на Буџетот на Република Македонија означена во прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот утврден во овој став ќе плати само половина од изречената глоба.
(5) Доколку сторителот на прекршокот одбие да се потпише на прекршочниот платен налог, инспекторите од членот 39 на овој закон ќе евидентираат дека лицето одбило да се потпише и истите ќе се потпишат со полно име и презиме на прекршочниот платен налог.
(6) Ако сторителот на прекршокот од ставот (1) на овој член не ја плати глобата во рокот утврден во ставот (4) на овој член, инспекторите од членот 39 од овој закон ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд или пред Комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.
(7) Инспекторите од членот 39 од овој закон се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(8) Во евиденцијата од ставот (7) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(9) Личните податоци од ставот (8) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(10) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.